**20150772547**

## АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/2015), а во врска со член 66 став 2 и 4 од Статутот на Академијата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 56/2015), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 27.4.2015 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на реализација на задолжителната и доброволната континуирана обука, како и правата и обврските на предавачите и учесниците во континуираната обука, во врска со подготовката, спроведувањето и евалуацијата на обуката.

### Општа цел на континуираната обука

Член 2

Континуираната обука има цел постојано стручно усовршување на теоретските и практичните знаења и вештини на судиите и на јавните обвинители заради стручно и ефикасно вршење на судиската и јавнообвинителската функција, функцијата претседател на суд и јавен обвинител на јавното обвинителство, како и на стручните служби во судството и јавното обвинителство и субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството.

### Посебни цели на континуираната обука за одделните целни групи

Член 3

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се спроведува со цел усовршување и проширување на нивните знаења и стручност при вршењето на судиската и јавнообвинителската функција, јакнење на нивната независност и интегритетот како основен предуслов за владеење на правото, за заштита на човековите права и слободи, како и создавање на транспарентно, праведно и ефикасно правосудство, засновано на меѓународните стандарди за фер и правично судење.

Континуираната обука на претседателите на судовите и на јавните обвинители на јавните обвинителства има цел развивање на нивната способност за управување со работите од нивна надлежност, утврдена со закон.

Континуираната обука на стручните служби во судството и во јавното обвинителство се спроведува со цел стекнување и унапредување на знаењата потребни за квалитетна стручна и техничка поддршка и помош на судиите и на јавните обвинители во нивната секојдневна работа.

Континуираната обука на субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството има цел унапредување на нивното знаење и професионалните вештини заради ефикасно извршување на работните обврски во подготовка и спроведување на законите од областа на правосудството.

Член 4

Континуираната обука може да биде задолжителна и доброволна.

**Задолжителна континуирана обука**

Член 5

Континуираната обука е задолжителна за судиите, јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства.

Задолжителната континуирана обука се спроведува врз основа на Општа програма за континуирана обука и Специјализирана програма за задолжителна континуирана обука.

**Доброволна континуирана обука**

Член 6

Корисници на континуираната обука, што е доброволна, се стручните служби во судството и во јавното обвинителство, државните службеници во Министерството за правда, кои работат на подготовка и извршување на законите од областа на правосудството и на други субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството.

Доброволната континуирана обука се спроведува врз основа на Специјализирана програма за доброволна континуирана обука.

**Времетраење на задолжителната континуирана обука**

Член 7

Времетраењето на задолжителната континуирана обука се изразува во денови.

Како ден на обука се смета обука во траење од најмалку шест наставни часа од по 45 минути, под услов на непрекинато учество на обуката.

Новоизбраните судии во основните судови и новоизбраните јавни обвинители во основните јавни обвинителства се должни, по нивниот избор, да посетуваат интензивна континуирана обука во траење од пет работни дена, што се спроведува врз основа на специјализирана програма за задолжителна континуирана обука усвоена од Управниот одбор на Академијата. Оваа обука Академијата ја организира и ја спроведува по изборот на определен број судии во основните судови, односно јавни обвинители во основните јавни обвинителства, доволен за формирање на ефективна група за обука.

Новоизбраните судии и јавни обвинители со стаж до една година имаат обврска да остварат уште девет дена задолжителна обука, согласно Општата програма за континуирана обука и годишниот Каталогот на активности на Академијата или вкупно 14 дена обука.

Судиите и јавните обвинители кои имаат од една до три години судиски, односно обвинителски стаж, имаат обврска да остварат десет дена обука, судиите и јавните обвинители кои имаат од три до осум години судиски, односно обвинителски стаж имаат обврска да остварат шест дена обука, судиите и јавните обвинители кои имаат од осум до петнаесет години судиски, односно обвинителски стаж имаат обврска да остварат четири дена обука и судиите и јавните обвинители кои имаат над 15 години судиски, односно обвинителски стаж, имаат обврската да остварат два дена обука, во текот на една календарска година.

Претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства имаат обврска во една календарска година да учествуваат на најмалку три специјализирани обуки, согласно Општата програма за континуирана обука и годишниот Каталогот на активности на Академијата.

Времетраењето на континуираната обука на судиите и на јавните обвинители почнува да се пресметува на почетокот на календарската година и се определува според целната група на која тие ќе припаѓаат на крајот на календарската година, без оглед кога, во текот на годината, преминале во таа целна група.

**Начин на реализација на задолжителната континуирана обука за новоизбрани судии и јавни обвинители**

Член 8

Содржината и методологијата на обуката од член 7 став 3 на овој правилник се уредуваат со специјализираната програма за задолжителна континуирана обука во согласност со член 69 став 2 и член 71 од Статутот на Академијата.

Дополнителниот број денови обука од член 7 став 4 на овој правилник, новоизбраните судии и јавни обвинители го остваруваат со пријавување обуки предвидени во годишниот каталог на активности на Академијата според видот на материјата на која се распоредени во судовите, односно јавните обвинителства.

**Специјализирана програма за доброволна континуирана обука**

Член 9

Академијата е должна, најдоцна до први декември во тековната година, да изготви Специјализирана програма за доброволна континуирана обука за наредната година.

Програмата од став (1) од овој член се изготвува врз основа на претходна оцена на потребите за обука на целните групи, согласно член 12 од овој правилник.

Врз основа на програмата од став 1 на овој член се изготвува каталог на обуки за стручните служби во судството и во јавното обвинителство, како и за државните службеници во Министерството за правда и за другите субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството.

Покрај учеството на обуки по програмата и каталогот од став 1 и 2 на овој член, стручните служби во судството и во јавното обвинителство, како и државните службеници во Министерството за правда и други субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, на покана на Академијата, можат да учествуваат и на обуки предвидени во Каталогот на активности изработен во согласност со Општата програма за континуирана обука на Академијата.

**Систем за управување со квалитетот на континуираната обука**

Член 10

При подготовка, изработка и спроведување на сите програми за континуирана обука, се применува Системот за управување со квалитет (СУК) во Академијата за судии и јавни обвинители (ISO 9001:2008), што опфаќа униформен систем на стандарди во поглед на политиките, постапките и методологијата за ефективно менаџирање и реализација на активностите и работните процеси во Академијата.

Целта на процедурите за квалитет при реализацијата на континуираната обука е стандардизација и подобрување на постапките и практиките во поглед на стручните и техничките аспекти на сегментите на организација и дизајн на обуката, подготовката и спроведувањето, методологијата, наставните методи и техники, наставниот материјал, надзорот и евалуацијата, како и документирање и интегрирање на овие процеси во информатичкиот систем на управување.

**Содржина на програмите за обука**

Член 11

При одредување на содржината на програмите за обука се води сметка да бидат застапени релевантните правни области, но и општествените теми особено за улогата на судијата и на јавниот обвинител во општеството, интегритетот, етиката и други, националното право, правото на Европска унија и меѓународното право, во соодветен размер, што обезбедува целните групи да стекнат не само правни знаења и способности за практична примена на законите туку и унапредување на професионалните вештини и способности за сфаќање на социјалната димензија на професијата, како и способност за примена на меѓународната перспектива на правото.

**Оцена на потребите за обука**

Член 12

Процесот на анализа, оцена и дефинирање на потребите за обука на целните групи се врши заради утврдување на содржината и методологијата на континуираната обука за наредниот период со цел да се обезбеди актуелност, квалитет и ефективност на програмите за обука и на тој начин унапредување на знаењето, практичните вештини, ставовите и вредностите на судско-обвинителската професија и професиите на другите целни групи.

Постапката за оцена на потребите за обука се врши согласно правилата на СУК и се спроведува еднаш годишно како основа за изготвување и ажурирање на програмите за континуирана обука и Годишниот каталог на обуки, а по оцена на раководството на Академијата може да се спроведе и повеќепати во текот на годината, со цел собирање и користење информации за дополнително утврдени потреби за обука.

Претходното испитување, анкетирање и анализа на мислењата и потребите на судиите, јавните обвинители и другите корисници на услугите на Академијата го спроведува Службата за стручно помошно-технички работи на Академијата, врз основа на стандардизирани прашалници.

За потребите на изготвувањето на програмите и каталогот од став (2) на овој член, се консултираат и се бараат мислења и предлози и од предавачите на Академијата, како и од институциите претставени во Управниот одбор на Академијата, судовите, јавните обвинителства, професионалните здруженија на судиите и јавните обвинители, правните факултети, државните органи и институции со кои Академијата соработува во остварување на обврските што произлегуваат од приоритетите на Република Македонија во поглед на правосудството во делот на обуките, професионалните комори и други релевантни институции и организации.

Извори на информации за анализата на потребите за обука се и резултатите од евалуациите на спроведените обуки во Академијата во тековната година, годишните извештаи на Судскиот совет на РМ и Советот на јавните обвинители на РМ, Врховниот суд на РМ и Јавното обвинителство на РМ, на судовите и јавните обвинителства, домашната судска практика и одлуките на ЕСЧП во однос на Република Македонија,

извештаите на Министерството за правда и другите министерства, Секретаријатот за европски прашања, извештаите на ЕК и релевантни меѓународни организации во поглед на правосудството, како и непосредните сознанија на органите на Академијата, раководството и стручната служба од контактите со корисниците на услугите, а можат да се користат и извештаи од спроведени анализи за задоволството на корисниците на судските услуги.

**Систематизација и користење на резултатите од оцената**

Член 13

Податоците од изворите наведени во член 12 од овој правилник се сублимираат и се документираат на начин што овозможува целисходно и лесно слевање и користење во рамките на информатичкиот систем на управување со податоци и претставуваат основа за разни анализи, статистики и истражувања за потребите на Академијата и правосудството во целина.

**II Реализација на континуираната обука**

**Општа програма за континуирана обука**

Член 14

Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства се изготвува во согласност со член 67 и член 68 од Статутот, а врз основа на сеопфатна оцена на потребите за обука од член 12 од овој правилник.

Општата програма за континуирана обука се донесува за време од две години, а врз основа на неа се усвојува годишен или полугодишен каталог на обуки.

**Каталог на обуки**

Член 15

Врз основа на Општата програма за континуирана обука, Академијата најдоцна до крајот на октомври подготвува Годишен каталог на обуки за наредната година, имајќи ги предвид расположливите финансиски средства од одобрениот годишен буџет и другите законски извори на финансирање, човечките ресурси и објективните можности на Академијата, како и потребата од непречено одвивање на работата на целните групи и нормално функционирање на судовите и на јавните обвинителствата.

Со каталогот од став 1 на овој член се запознава Управниот одбор на Академијата на првата седница по изготвувањето, а потоа се доставува до судовите, јавните обвинителства, како и до Судскиот совет на РМ, Советот на јавните обвинители на РМ и до Министерството за правда, во електронска и печатена форма и се објавува на интернет-страницата на Академијата.

Каталогот задолжително ги содржи следните податоци: датумот и местото на одржување, областа и темата на обуката, целната група за која е наменета, организаторот, коорганизаторот и забелешка за карактерот на обуката.

Годишниот каталог се подготвува на начин што овозможува целните групи да ги усогласат своите редовни работни обврски со обврската за обука, но остава простор и можност за организирање и на дополнителни обуки според потребите на целните групи, приоритетите на РМ за обука на правосудството, измените во легислативата, како и соработка на нови проекти било со домашни или странски соработници.

Доколку одделни елементи во врска со организација на одделна обука не се познати во време на испраќање на каталогот (точен датум, место на одржување), тие ќе бидат доставени на запознавање до целната група за која е наменета обуката по нивно утврдување од страна на Академијата.

За секоја измена и дополнително вклучена обука во Каталогот, Академијата има обврска навремено да ги извести целните групи за кои е наменета обуката.

**Подготовка за реализација на обуките**

Член 16

Подготовката за реализацијата на обуките опфаќа активности во правец на одредување на предавачите и предавачките тимови за секоја наставна област и тема, водејќи сметка за избор на најквалификувани предавачи за односната тема, согласно нивната специјализација и потребите на целните групи и други активности од организациски аспект, како обезбедување на соодветни просторни и технички услови за одржување на обуката.

**Начин и методологија на реализација на обуките**

Член 17

Обуките во рамките на континуираната обука се реализираат преку: семинари, конференции, советувања, стручни расправи, работилници, тркалезни маси, симулации, учење од далечина, размена на учесници, студиски престои и други облици на едукација.

Со оглед на траењето, одделните обуки можат да бидат еднодневни, дводневни или повеќедневни.

При спроведување на програмите за обука, Академијата е должна да ја унапредува примената на теоретски и практични методи на обука, а особено современи интерактивни методи и техники на предавање и едукација, вклучувајќи и учење од далечина.

Заради интердисциплинарност на обработката и презентацијата на конкретната тематика, на обуките, покрај судиите и јавните обвинители, се покануваат и претставници од Министерството за правда, другите министерства, другите државни органи и институции што ги подготвуваат и учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството, како и претставници на другите правни професии, како адвокати, нотари, извршители, медијатори, прекршочни комисии и други.

Член 18

Обуките, во зависност од карактерот, бројот на учесниците и други организациски потреби (локација, големина на просторија, опрема, осветлување, број на седишта, акустика и слично), се одржуваат во просториите на Академијата, салите во судовите, јавните обвинителства, Министерството за правда или други адекватни простории и конференциски, хотелски сали.

Обуките се одржуваат во работното време во работни денови, но поради непречено одвивање на судењата и редовните судски и обвинителски активности, односно непречено одвивање на работата на судовите и на јавните обвинителства според можностите, ќе се изведуваат во работни денови попладне и во сабота.

Академијата е должна, во координација со лицата кои раководат со објектот каде што се одржува обуката, да обезбеди просторија што одговара на потребите за одржување на обуката и има соодветна опрема за изведување на обуката на модерен и ефикасен начин (за „Пауер поинт“, компјутер, флипчарт, проектор и сл.).

**Децентрализиран пристап
на обуките**

Член 19

Академијата ги спроведува обуките во седиштето на Академијата во Скопје и децентрализирано, на регионален принцип, по подрачјата на апелациските судови и јавните обвинителства, водејќи сметка за бројот на учесниците од одделен регион, како и потребата од ефикасно, рационално и економично користење на ресурсите.

**Поддршка на Академијата
во обуките**

Член 20

Заради ефикасно одвивање на обуките, претседателите на судовите и на јавните обвинители на јавните обвинителства, определуваат координатор за обука или лице за контакт со Академијата, кои се грижат за реализација на обуките, односно навремено пријавување на учесниците и оптимално посетување на обуките од програмите за обука на одделните целни групи, вклучително и известување на Академијата за сите промени во годишниот распоред на судиите и јавните обвинители, како и во случај на нивен премин од еден во друг оддел или суд заради ажурирање на податоците.

Академијата и од другите органи, институции и организации со кои соработува во спроведувањето обуки, бара поставување лица за контакт со цел логистичка и стручна поддршка за реализација на обуките.

Академијата води и ажурира листа на координатори за обука или лица за контакт со Академијата.

**Организација на обуките со домашни и странски соработници**

Член 21

Академијата ги организира обуките самостојно или во соработка со домашни и странски соработници преку проекти, твининг-програми и билатерални и мултилатерални договори.

Соработката за организација на обуките подразбира соработка, координација и усогласеност во подготовката на проектот, изборот на домашните или странските предавачи, датумот и местото на одржување, подготовка на програмата и наставните материјали за обуката.

Академијата одржува редовни состаноци со претставниците на домашните и странските организации и проекти заради навремено пријавување на интересот за организирање обуки од одредена област и изготвува план за обуки со проектите за наредната година со цел нивно навремено вклучување во Годишниот каталог на обуки.

Во денови на обука на учесникот му се пресметуваат и обуките организирани од други органи, организации и асоцијации (Министерството за правда, факултетите, Здружението на судии на Република Македонија, Здружението на јавните обвинители на Република Македонија, Адвокатската комора и сл.), доколку тоа е однапред договорено помеѓу Академијата и односните субјекти за конкретната обука или доколку Академијата ги номинирала да учествуваат на обуките.

Во денови на дополнителна обука се пресметува обуката во странство на која учесникот е испратен од страна на Академијата, а според приложената програма и добиениот сертификат (доколку таков е поделен од страна на организаторот) и доколку ги исполнил обврските од член 46 од овој Правилник.

## III ПРЕДАВАЧИ

Член 22

Предавачите се стручни лица кои непосредно ги спроведуваат програмите за почетна и континуирана обука.

Предавачите можат да бидат предавачи на Академијата и предавачи по потреба.

Предавачите на Академијата се определуваат од редот на домашни и странски активни и пензионирани судии и јавни обвинители, адвокати и универзитетски професори, нотари, извршители, медијатори и раководни административни службеници, кои ги исполнуваат условите од член 45 од Законот.

Предавачите, според афинитетите, професионалното искуство, претходното искуство како предавач, наставните вештини и личниот интерес, се ангажираат во програмата за почетна или програмите за континуираната обука или во двете еднакво.

Член 23

Предавачи во делот на континуираната обука можат да бидат и членовите на Управниот одбор, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и директорот на Академијата, без надоместок.

Предавачите од став 1 на овој член можат да добиваат надоместок за изготвувањето на наставниот материјал, одржаните предавања и други активности потребни за реализација на одреден настан само доколку настанот го реализира Академијата во соработка и со финансиска поддршка на странски проект, од чиишто финансиски средства ќе се исплаќаат наведените надоместоци во целост, вклучувајќи го персоналниот данок на доход.

### Постапка за селекција и утврдување на предавачите на Академијата

Член 24

Постапката за селекција и утврдување на предавачите на Академијата се спроведува врз начелата на стручност, способност, јавност, отвореност и еднакви можности согласно член 29, 30 и 31 од Статутот на Академијата.

Повикот за пријавување на заинтересирани лица за можни предавачи на Академијата од член 30 став 1 од Статутот е во писмена форма и содржи:

- Податоци за условите за предавач од член 45 од Законот на Академијата;
- Образец за предавач во прилог (во кој се назначуваат области и теми за кои се пријавува кандидатот, работното искуство на областа за која се пријавува, стекнати квалификации и сертификати и достигнувања на полето на едукација);
- Рок за достава на пријавата со пополнет образец, кратко CV и доказ за исполнување на условите.

По приемот и разгледувањето на пријавите со придружната документација, директорот на Академијата изготвува предлог-листа на предавачи на Академијата и листата ја доставува на мислење и одобрување до Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

При определување на составот на предлог-листата на предавачи, директорот на Академијата се раководи од начелото на соодветна и правична застапеност, како и застапеност на предавачи од сите апелациски подрачја, додека во поглед на предавачите од редот на судиите и јавните обвинители води сметка за застапеност на судии и јавни обвинители од сите инстанции.

По добивање на потребните одобренија од став 3 на овој член, директорот, ја доставува предлог-листата на мислење на Програмскиот совет.

Листата на предавачи на Академијата, на предлог на директорот, ја утврдува Управниот одбор на Академијата, земајќи ги предвид претходно прибавените мислења.

Академијата ја доставува утврдената листа на предавачи до кандидатите кои се пријавиле за предавачи, како и до претседателите на судовите, до јавните обвинители на јавните обвинителства, факултетите и до раководителите на институциите и коморите во кои се вработени или членуваат предавачите.

Утврдената листата на предавачи може да се дополнува по потреба.

**Обука на предавачите**

Член 25

Предавачите на Академијата од член 44 став 2 од Законот на Академијата, должни се да завршат обука за тренинг на предавачи организирана од Академијата, а потоа, за време на својот мандат, најмалку еднаш годишно да учествуваат на обука за предавачи организирана од страна на Академијата.

Академијата ги организира обуките за предавачи самостојно или во соработка со домашни и странски партнери и проекти.

Академијата води евиденција за одржаните обуки за предавачи, како и на наставните материјали што се достапни на сите предавачи, со цел одржување и надградување на наставните вештини.

**Права и обврски на предавачите во континуирана обука**

Член 26

Предавачот или предавачкиот тим има обврска да подготви програма за секоја конкретна обука на образец изработен од Академијата што ги содржи следните елементи: форма и назив на обуката, време и место на одржување, целните групи, краток преглед и цел на обуката, назначување на предавачите и наставните материјали и агенда согласно која ќе се одвива обуката, да ја спроведе обуката, да изготви извештај и евалуација на обуката.

Извештајот на предавачот, односно предавачкиот тим, содржи опис на спроведената обука, изложените дискусии, прашања, заклучоци, како и препораки за потребата од нејзина дополнителна обука или друга тема со цел правилна и усогласена примена на законите.

Предавачите имаат право навремено да бидат известени за темите од нивната специјалност, како и за термините на одржување на обуките за кои Академијата планира да ги ангажира.

**Логистичка поддршка на предавачите**

Член 27

Академијата има обврска, преку вработен од службата за стручно помошно-технички работи, одговорен за конкретна обука, навремено да го потврди учеството на предавачите за нивното ангажирање за конкретната обука и тоа најмалку две недели пред датумот на одржување на обуката.

Академијата за соодветната обука на предавачите им ја става на располагање потребната опрема (компјутери, „Пауер поинт", проектор, флипчарт и др.) и преку вработен од службата за стручно помошно-технички работи на Академијата, одговорен за конкретна обука, обезбедува логистичка поддршка поради олеснување на подготовката и реализацијата на обуката.

**Модератор**

Член 28

Модератор е предавачот кој, покрај спроведување обука, модерира со целиот настан.

Модераторот има обврска да ја отвори обуката со кратко воведно излагање по однос на предметната тема, да ги води дискусиите, како и во својство на добар модератор да поттикне интерактивна настава и на крајот од обуката да изведе завршни заклучоци.

**Право на надоместок**

Член 29

За подготовка и за спроведување на обуката, предавачите имаат право на надоместок – награда, како и надоместок на дневните и патните трошоци на начин и висина определена со Правилникот за надоместоци на Академијата.

Предавачот кој, покрај спроведување обука, модерира со настанот, покрај надоместокот од став 1 на овој член, има право и на надоместок за реализираното модерирање со настанот на начин и висина определена со Правилникот за надоместоци на Академијата.

Согласно општиот акт од став 1 и 2 на овој член, директорот, преку овластено лице од него, со предавачот склучува договор за реализираната работа, чијашто форма и содржина ја пропишува Академијата, во кој, покрај предметот на договорот, содржани се и условите за исполнување на договорот.

**Евиденција на предавачите**

Член 30

За секој предавач на Академијата или предавач по потреба, во базата на податоци што Академијата редовно ја ажурира, се евидентира нивната функција, институцијата, професионалниот развој, специјалноста, годините на искуство во односната област, кратка биографија, ниво на познавање на странски јазици, посетени обуки на обучувачи и специјализации дома и во странство, стекнати дипломи и сертификати, како и оценките од евалуациските прашалници.

Податоците во однос на оценките и другите податоци за предавачите се чуваат согласно прописите за заштита на лични податоци и деловните политики на Академијата, а се објавуваат само по претходна согласност на предавачот.

**Наставна методологија**

Член 31

Предавачите се должни при предавањата да користат модерни наставни техники (презентации во „Пауер поинт" или видеопрезентации, студии на случај, дискусии), да комбинираат теоретско-практичен пристап, анализа на случаи од практиката на домашните судови и на ЕСЧП и на ЕСП, работа во мали групи, симулации и сл.

Кога се ангажирани за спроведување обуки, предавачите имаат обврска постојано да бидат присутни при траењето на обуката, особено ако се спроведуваат обуки за нови закони или суштински измени на материјалните и процесните закони.

**Наставен материјал**

Член 32

Предавачите имаат обврска навремено, пред почетокот на обуката, да достават наставен материјал за обработуваната тема во пишана или во електронска копија, што поради навремена подготовка на учесниците се објавува на интернет-страницата на Академијата.

Наставниот материјал вклучува пишани и визуелни материјали, законски и други референтни текстови, случаи од практиката, особено практиката на судовите од највисоките инстанции, како и ЕСЧП и ЕСП и работни листови за практична работа.

Наставниот материјал предавачите го предаваат на користење на библиотеката на Академијата и е достапен на целните групи, на начин што обезбедува целосна идентификација на авторот на материјалот и на неговата оригиналност.

**Спреченост за присуство**

Член 33

Во случај на спреченост за присуство на обуката, предавачот треба навремено да ја извести Академијата заради обезбедување на друг предавач и навремено создавање услови за непречено одвивање на обуката.

IV ЕВАЛУАЦИЈА

Член 34

Целта на евалуацијата на обуките од страна на учесниците на обуката е да се утврди дали обуката ги постигнала целите на учењето и дали ги пресретнала очекувањата на учесниците во поглед на корисноста на предавањата на предавачите и наставните материјали, а за таа цел на учесниците им се дистрибуираат прашалници, на образец изготвен од Академијата, по завршувањето на обуката.

Целта на оценката на ефикасноста на обуките од страна на предавачите е да се утврди степенот на наученото на обуките, како и степенот на подобрувањето на знаењата, вештините и однесувањето и примената на стекнатите знаења и на дистрибуираните наставни материјали од обуките, во практиката на решавањето на случаите.

Со оглед на карактерот на обуката, односно циклусот обуки, предавачите го определуваат видот и методологијата на проверката, што може да биде во вид на задавање прашалници и/или тестови од содржината на предавањата и изложените материјали непосредно по завршување на обуката и/или во вид на оценка на степенот на подобрување на знаењата, вештините и однесувањето и примена на наученото во практиката, во одреден временски период по завршувањето на обуката или циклусот на обуки (3, 6 или 12 месеци).

Целиот процес на евалуација на обуките Академијата го спроведува во координација и соработка со Судскиот совет на РМ и Советот на јавните обвинители на РМ.

**Користење на податоците од евалуациите**

Член 35

Податоците од прашалниците и тестовите за евалуација на обуките од член 34 на овој правилник се слеваат во информатичкиот систем на управување со податоците и претставуваат основа за подготовка на следните програми за обука и подобрување на квалитетот и ефикасноста на идните обуки.

Податоците од прашалниците се користат за интерните потреби на Академијата, за оценка на предавачите и за креирање на идните програми за обука, како и за подобрување на организацијата на обуките и не се предмет на објавување на интернет-страницата на Академијата.

Евалуацијата спроведена од страна на домашни или странски соработници со кои Академијата организира обуки треба да бидат достапни на Академијата за потребите на оцена на обуките и креирање на идните програми за обука.

Начинот на чување на податоците од евалуациите на обуките и на предавачите е во согласност со внатрешните политики и правила на Академијата за користење на информатичкиот систем на управување на податоците.

V ОСНОВНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА
УЧЕСНИЦИТЕ

**Пријава за учество на обука**

Член 36

Пријавите за учество на обуки судиите и јавните обвинители и другите целни групи ги доставуваат до Академијата преку своите институции, навремено, во рокот определен од Академијата, по е-пошта, пошта или факс.

Откажување од учество на обука судиите и јавните обвинители, како и другите целни групи, го вршат на начин определен во став 1 од овој член.

Откажувањето од учество на обука треба да биде навремено и од оправдани причини што не можеле да се предвидат во времето на пријавувањето за обука.

Академијата води евиденција за случаите на откажување на учеството во рок во кој не е можно да се пријават нови учесници и за случаите на често и неоправдано откажување на учеството ги известува претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства.

За одредени специјализирани обуки, како што се обука на обучувачи, тркалезни маси за посебни целни групи (Врховен суд, Јавно обвинителство, тркалезни маси за усогласување на практиката, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители и други), Академијата праќа посебни покани.

Во случај на организација на специјализирани обуки од базичен или напреден карактер од посебни области, како што се општи и посебни обуки за правото на ЕУ, меѓународното право, ЕКЧП, како и за други обуки, Академијата може да прати претходни прашалници поради идентификација на нивото на претходно знаење и искуство на учесниците од одделната материја, заради идентификација на целните групи и на специфичните потреби за обука.

Учесниците во Програмата за континуирана обука се пријавуваат за учество на обуките според областите на кои работат во моментот на пријавувањето, што се наменети за целна група на која припаѓаат и во согласност со обврската за број на денови обука што задолжително треба да ги остварат.

Доколку обуката се одржува истовремено за сите апелациски подрачја, при одредување на составот на учесниците се води сметка за пропорционална застапеност на претставници од сите судови, односно јавни обвинителства, од соодветните апелациски подрачја.

## Права и обврски на учесниците

Член 37

Учесниците на обуките организирани од Академијата имаат право на транспарентна и квалитетна обука, приспособена на актуелните потреби за стручно и професионално извршување на должностите на судиите, обвинителите и другите целни групи.

Заради обезбедување на квалитетна обука, учесниците имаат право, заради подобрување на работењето на Академијата во организирањето на обуките, да даваат свои предлози, сугестии, критики, забелешки во евалуациските прашалници и во посебни писмени обраќања до Академијата.

Доколку обуката трае повеќе од еден ден, на учесниците им се пресметува како задолжителна обука само доколку непрекинато присуствуваат секој ден од обуката, до нејзиното завршување, освен во исклучителни случаи, кога поради здравствени причини или итна и неодложна работна обврска, учесникот не е во можност непрекинато да присуствува на обуката.

Учесниците имаат обврска:

- Навремено да доаѓаат на обуките и да присуствуваат непрекинато, а доколку отсуствуваат, навремено да ја известат службата за стручно помошно-технички работи на Академијата за причината за недоаѓање;
- Поради подобро идно организирање и планирање на обуките, да пополнат прашалници за евалуација и до крајот на обуката да ги достават до вработен од службата за стручно помошно-технички работи на Академијата, кој е одговорно лице за конкретната обука.

## Доставување програма и наставен материјал

Член 38

Службата за стручно помошно-технички работи на Академијата, во разумен рок пред датумот на обуката, е должна да ги достави до учесниците, програмата и наставниот материјал за обуката, доколку тие се навремено испратени од страна на предавачите, а доколку не се, да им ги стави на располагање на секој од нив до завршување на обуката, ако за тоа се обезбедени финансиски средства.

Со цел за општа достапност на материјалите од обуките, Академијата обезбедува нивно објавување на својата интернет-страница во папка креирана за конкретната обука.

## Регистрирање присуство на обуката

Член 39

Вработен од службата за стручно помошно-технички работи на Академијата, пред почетокот на обуката, како и на крајот на обуката дистрибуира список на учесници и предавачи, на кој секој со својот потпис го потврдува своето присуство на обуката.

**Достапност на податоците за обуките**
**и материјалите за обука**

Член 40

Програмите за обука, наставните материјали и извештаите на предавачите, се дистрибуираат во посебниот отсек од електронската библиотека на Академијата и се организираат во посебни папки, класифицирани според областа, на начин што овозможува лесно користење и правно пребарување.

Со воспоставување на електронската библиотека, наставните материјали се достапни на интернет-страницата на Академијата со регистрација и употреба на корисничко име и лозинка, креирани за секој корисник од страна на овластеното лице во Академијата.

**Достапност на базите на податоци**

Член 41

Академијата е должна, согласно финансиските можности, да обезбеди достапност и лесно пребарување на базите на податоци за националната легислатива и за судската практика, легислативата на Европската унија и на Советот на Европа и ОН, судската практика на ЕСЧП и ЕСП и на другите меѓународни судови, како и на други библиотеки, публикации и списанија.

Согласно финансиските можности, Академијата обезбедува преводи на релевантни материјали од став 1 на овој член и постојано го збогатува и го ажурира библиотечниот фонд и материјалите за учење од далечина и во таа насока соработува со другите институции за обука во регионот и во светот и со мрежите за обука на Европската унија и на Советот на Европа.

**Логистичка поддршка од одделението**
**за континуирана обука**

Член 42

За подготовка и реализација на секоја обука Академијата обезбедува ангажман на еден вработен од одделението за континуирана обука на Академијата, што се грижи за навремена и соодветна организација и реализација на обуката.

**Учество на обуки во странство**

Член 43

Академијата ќе овозможи учество на претставниците на целните групи, како и на предавачи и ментори на обуки во странство.

Обуките од став 1 на овој член можат да бидат во вид на учество на семинар, конференција или друга форма на едукација, како и подолги студиски престои или учество во програми за размена со други институции и мрежи за обука.

**Финансирање на обуките во странство**

Член 44

Академијата испраќа учесници на обуки и престои во странство, доколку тоа е финансиски покриено од странскиот организатор.

Академијата може да учествува во покривање на трошоците од став 1 на овој член во целост или делумно, доколку за тоа се обезбедени финансиски средства од буџетот или од донации.

Покривањето на трошоците од став 2 на овој член од буџетските средства го одобрува Управниот одбор на Академијата пред номинирање учесник за обуката, а доколку се работи за неможност за свикување на Управен одбор поради кратките рокови, одобрувањето го врши директорот на Академијата и за тоа доставува извештај на првата наредна седница на Управниот одбор.

**Начин на определување учесници за обуки во странство**

Член 45

Учесниците на обуки во странство се одредуваат во координација со претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, имајќи ја предвид евиденцијата на Академијата за учество на обуки во странство со цел да се обезбедат еднакви можности за припадниците на одделните целни групи што ги исполнуваат условите за учество на обуката, особено солидно познавање на странскиот јазик на кој се спроведува обуката на ниво што овозможува активно учество и размена на искуства со колегите од странство.

**Обврски на учесниците на обуките во странство**

Член 46

Учесниците испратени на обука во странство од страна на Академијата ги имаат следните обврски:

- да бидат редовни и активни учесници на обуката;
- да бидат подготвени да ја претставаат општата состојба на реформите во правосудството во Република Македонија, својот домен на работење, како и работата и дејноста на Академијата;
- да подготват излагање на определена тема, доколку тоа се бара во поканата за учество на обуката;
- по враќањето од обуката во странство да достават копии од програмата според која се спровела обуката и наставните материјали (цеде, презентации во „Пауер поинт“, литература);
- да достават извештај за престојот во странство, особено за содржината на обуката и за релевантните институции што ги посетиле.

Извештајот од став 1 на овој член се објавува на интернет-страницата на Академијата и се чува во информатичкиот систем на управување со податоците.

За секое патување на обука во странство, Академијата ги известува субјектите од став 3 на овој член.

За обврските од став 1 на овој член учесниците навремено се известуваат пред заминувањето на обуката во странство.

VI ЕВИДЕНЦИЈА

**Евиденција за учество во Програмата за континуирана обука**

Член 47

Академијата води евиденција за деновите поминати на обука за сите судии и јавни обвинители.

По завршување на секоја календарска година, Академијата им издава на судиите и на јавните обвинители, како и на предавачите и менторите, потврда за бројот на денови задолжителна обука што ги поминале во текот на годината и деновите поминати на предавање, односно менторирање.

Податоците од став (2) на овој член Академијата ги доставува и до Судскиот совет и до Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

При водењето евиденција и издавањето потврди на корисниците на услугите на Академијата за бројот на денови поминати на континуирана обука ќе се применуваат прописите за заштита на личните податоци.

## Сертификати

Член 48

За учество на одделни обуки или циклус на обуки Академијата на учесниците им изготвува сертификат за учество, што ќе се изготвува на образец пропишан од Академијата.

Сертификатот го потпишува директорот на Академијата, а доколку обуката се спроведува во соработка со други домашни или странски партнери, сертификатот, покрај директорот, го потпишува и претставник на односниот субјект, доколку така е договорено.

## Заштита на податоците

Член 49

Сите податоци во врска со подготовка, реализација и евалуација на континуираната обука се чуваат согласно прописите за заштита на личните податоци.

## VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 50

Овој правилник се објавува во Службен весник на Република Македонија и на интернет-страницата на Академијата.

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе почне да се применува со почнувањето на примената на Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/2015).

Бр. 02-228/8
27 април 2015 година
Скопје

Академија за судии и
јавни обвинители „Павел Шатев“
Претседател на Управен одбор,
**Лилјана Спасоска,** с.р.